Република Северна Македонија
Министерство за информатичко
општество и администрација
Бр. 11/1-460/39
11.12.2020 год.
Скопје

# Записник од 17-та седница на Националната канцеларија за бродбенд компетентност (НКБК)

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
МИНИСТЕРСТВО ЗА ИНФОРМАТИЧКО ОПШТЕСТВО И АДМИНИСТРАЦИЈА
MINISTRIA E SHOQËRISË INFORMATIKE DHE ADMINISTRATËS
СКОПЈЕ - SHKUP

| Примено: E pranuar: | 11 DEC 2020 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. Nj. org. | Број Numër | Прилог Shtojcë | Вредност Vlera |
| 11 / 1 | 460 | 39 | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **Место на одржување** | Online електронска седница | | |
| **Датум** | 03.12.2020 година | **Време** | 14.00 – 15:30 часот |
| **Бр. на седница** | 17-та седница | | |
| **Состанокот го води** | Димитар Буковалов, претседател на НКБК | | |
| **Учесници** | **Поканети:**<br>1. Димитар Буковалов – претседател на НКБК<br>2. Анастас Мишев – зам.претседател<br>3. Боро Јакимовски – член на НКБК<br>4. Сашко Мукаетов – член на НКБК<br>5. Зоран Дервишов – член на НКБК<br>6. Славица Настеска – член на НКБК | **Присутни:**<br>1. Димитар Буковалов – претседател на НКБК<br>2. Анастас Мишев – зам.претседател<br>3. Боро Јакимовски – член на НКБК<br>4. Сашко Мукаетов – член на НКБК<br>5. Зоран Дервишов – член на НКБК<br>6. Славица Настеска – член на НКБК | |
| **Други присутни на состанокот** | Сашко Стојчевски, Љубен Талев, Зоран Мурџев, Милан Николовски (независни експерти), Сања Фрковиќ Гелевска (Канцеларија на ЕУ во Скопје) | | |
| **Логистичка поддршка** | Мишко Талески, Владимир Соколов, Владимир Радосављевиќ и Букурије Јашари Мемети (МИОА) | | |

## ДНЕВЕН РЕД

1. Усвојување на предлог Записникот од седницата на НКБК одржана на 26.11.2020 година ;
2. Национална инфраструктура на просторни податоци (НИПП), поврзаност со имплементацијата на Националниот оперативен бродбенд план ;
3. Дискусија за Драфт Студијата на RCC за BCO телата во WB6 ;
4. Разно

**Тек на седницата**

Претседателот на НКБК, Димитар Буковалов ја отвори 17-та редовна седница на Националната канцеларија за бродбенд компетентност (НКБК) која се одржа online, при што утврди дека се присутни сите членови на НКБК, со што телото може полноважно да одлучува.

На почетокот на седницата беше утврден предложениот дневен ред, кој едногласно беше усвоен од членовите на телото.

**За првата точка од дневниот ред,**

Во однос на првата точка, членовите на НКБК едногласно го усвоија записникот од 16-та седница одржана на 26.11.2020 година, со корекцијата која претходно беше доставена од страна на Славица Настеска за дополнување на записникот со дискусијата која се водеше за подготовка на листа на корисници на системот за податоци за инфраструктурата според различните приоритети.

**За втората точка од дневниот ред,**

Во врска со втората точка, претседателот на НКБК, Димитар Буковалов, соопшти дека наскоро Агенцијата за катастар на недвижности (АКН) ќе овозможи презентација на геопорталот Национална инфраструктура на просторни податоци (НИПП).

Членот на НКБК, Зоран Дервишов, истакна дека корисно ќе биде да се воспостави поконкретна соработка со Агенцијата за катастар на недвижности од причина што тие располагаат со податоци кои би биле од корист во некоја наредна фаза на проектирање и градење на мрежата, согласно НОБП.

Членот на НКБК, Славица Настеска, истакна дека би било добро да се измени законот

за НИПП, а за потребите на имплементација на НОБП, односно пристап до геопорталот НИПП да имаат и Агенцијата за електронски комуникации и Македонската радиодифузија.

Зоран Дервишов оцени дека добро би било да се постигне договор на ниво на државни институции за бесплатна размена на податоци.

**Заклучок:** НКБК ќе достави предлог амандман до министерот за информатичко општество и администрација за конкретна измена во Законот за Национална инфраструктура на просторни податоци, во насока на збирките на податоците да бидат бесплатни за користење на сите јавни институции кои се вклучени во имплементација на владини политики/стратегии.

**За третата точка од дневниот ред,**

Претседателот на НКБК, Буковалов, во рамките на третата точка отвори дискусија за Драфт Студијата на RCC за BCO телата во земјите од Западен Балкан (WB6). Тој потенцира дека на следната седница на НКБК која ќе се одржи на 10 декември 2020 година, ќе треба да се усвојат забелешките, коментарите и предлозите по однос на драфт студијата, кои потоа како документ на НКБК ќе им се достави во RCC.

**Заклучок:** До 7 декември 2020 година, понеделник, да се подготви текст кој ќе биде доставен до членовите на НКБК во кој ќе бидат вградени сите доставени забелешки, коментари и предлози од членовите по однос на драфт студијата на RCC за BCO телата во земјите од Западен Балкан, со цел на наредната седница која ќе се одржи на 10 декември 2020 година со почеток во 13 часот истите да бидат усвоени.

**За четвртата точка од дневниот ред,**

По однос на четвртата точка "Разно„, Буковалов предложи на 18 декември 2020 година, да се одржи презентација на новиот систем на Агенцијата за електронски комуникации за подршка на имплементација на Националниот оперативен бродбенд план (НОБП).

**Заклучок** : На 18.12.2020 година да се одржи презентацијата на системот на АЕК.

Претседателот на НКБК, во однос на анализата за локации на WiFi точки истакна дека процесот продолжува во Секторот за комуникации и дека е подготвен драфт текст кој ќе биде разгледуван на некоја од наредните седници на НКБК.

Записникот го водеше претседателот на НКБК

**Димитар Буковалов** ______________________